DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

# КОНЦИПИРАЊЕ НА ОДНОСОТ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР СО ДРЖАВНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ

Проф. д-р Џорџ Р. Лукас Јр, д-р Драган Лозанчиќ, д-р Гразвидас Јасутис, д-р Фредерик Лејкер, Какабер Кемоклидзе и Ребека Микова

## За оваа публикација

Оваа публикација е изработена од страна на ДЦАФ и независни експерти. ДЦАФ би сакал да се заблагодари на Сојузното министерство за одбрана, цивилна заштита и спорт (ДДПС) на Швајцарската конфедерација за великодушната поддршка во изработката на оваа публикација.

**Забелешка**

Искажаните ставови во оваа публикација се на самите автори и не ги изразуваат мислењата или ставовите на Сојузното министерство за одбрана, цивилна заштита и спорт (ДДПС) на Швајцарската Конфедерација.

**За ДЦАФ**

ДЦАФ - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор е посветен на подобрување на безбедноста на државите и нивните граѓани во рамките на демократското управување, владеење на правото, почитување на човековите права и родовата еднаквост. Уште од своето основање во 2000 година, ДЦАФ дава придонес за поодржлив мир и развој преку помагање на земјите-партнери, како и меѓународните чинители што ги поддржуваат овие држави, во подобрување на управувањето со нивните безбедносни сектори преку инклузивни и партиципативни реформи. Центарот креира иновативни производи засновани на знаење, промовира норми и добри практики, дава правни и политички совети, и поддржува градење на капацитети на државни и не-државни чинители во рамките на безбедносниот сектор.

ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор, Maison de la Paix Chemin Eu-gène-Rigot 2E CH-1202 Женева, Швајцарија

Тел: +41 22 730 94 00
info@dcaf.ch www.dcaf.ch
X: @DCAF_Geneva
Дизајн: DTP Studio
ISBN: 978-92-9222-732-6

© 2022 ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор

# СОДРЖИНА

Вовед ....................................................................................................4

1. Теоретска дебата........................................................................6
2. Придобивки од примената на начела на добро управување во разузнавачкиот сектор во Хрватска .............................................7
3. Професионална правичност на дело: Зошто да се јакне интегритетот на одбраната?........................................................9
4. Придонес на меката безбедност во отпорност и градење капацитети: Случајот на Грузија................................................13
5. Човекови права и вооружените сили.........................................15
6. Како парламентарниот надзор и надзорот на граѓанското општество ја поддржуваат државната безбедност....................25

Заклучок ...............................................................................................30

# КОНЦИПИРАЊЕ НА ОДНОСОТ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР СО ДРЖАВНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ

Проф. д-р Џорџ Р. Лукас Јр, д-р Драган Лозанчиќ, д-р Гразвидас Јасутис, д-р Фредерик Лејкер, Какабер Кемоклидзе и Ребека Микова

## Вовед

Целосната инвазија на Украина претставува предизвик за параметрите на безбедносната архитектура на државите и го замени одбранбеното планирање со воени способности. Во јуни 2022 година, претседателите на држави и влади на НАТО се сретнаа во Мадрид и изјавија: „НАТО ќе продолжи да ги заштитува нашите населенија и ќе ја брани секоја педа од територијата на Алијансата во секое време. Ќе ја надоградиме нашата нова положба и значително ќе ги зајакнеме нашите долгорочни способности за одвраќање и одбрана, со цел да ја гарантираме безбедноста и одбраната на сите сојузници. Тоа ќе го направиме согласно нашиот пристап ‚360 степени`, на копно, во воздух, на вода, на кибернетички и вселенски домени, и против сите закани и предизвици.“[1] Зајакнато одвраќање и одбрана ќе се постигне преку најголемата обнова на сојузничкото колективно одбрана и одвраќање уште од Студената војна. Тоа вклучува надградени одбранбени планови со повеќе сили на висока готовност и конкретни сили претходно назначени за одбрана на конкретни сојузници, повеќе сили и повеќе претходно позиционирана опрема и залихи на оружје на истокот од Алијансата, со што се зајакнуваат осумте мултинационални борбени групи на НАТО.[2] Зголеменото внимание насочено кон воените способности изгледа логично имајќи ги во предвид тековните околности. Сепак, останува прашањето дали градењето на институциите е сè уште важно и дали треба да се продолжи со инвестициите во добро управување со безбедносниот сектор (УБС).

1 NATO (North Atlantic Treaty Organization). Madrid Summit Declaration, issued by NATO Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Madrid 29 June 2022. Available from https://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_196951.htm

2 Ibid.

Во овој документ аргументираме дека голем дел од државната безбедност зависи од посветеноста, почитувањето на човековите права, интегритетот, храброста и компетентноста на секој поединечен маж и жена, без разлика дали во војската или во рамките на домашните и меѓународните полициски сили. Индивидуалната некомпетентност или корупцијата, заедно со недостатокот или целосно отсуство на соодветна стручна едукација и обука за поддршка на соодветното извршување на задачите на луѓето се очигледни пречки за ова барање. Но, овие фактори зависат, следствено, од неколку други посуптилни компоненти на безбедноста ориентација. Овие скриени компоненти се тесно поврзани со она што можеме да го наречеме „професионализам на безбедносните служби“.

Професионалната правичност е знак на добро УБС. Согласно аргумент што може да се поврзе со политичкиот научник Самуел П. Хантингтон (1957) и со Републиката на Плато (околу 375 год п.н.е.), државната безбедност зависи од добро управување со безбедносниот сектор. Особено зависи од мажите и жените кои се добро образовани, соодветно обучени, некорумпирани и целосно посветени на јавната служба. Секој поединечен член на апаратот на државна безбедност треба да сака добро да ги извршува своите зададени улоги и задачи: ова значи дека постои подготвеност да се учи, да се обучува, и да се развиваат поединечните капацитети за јавна служба и национална одбрана. Следствено, таа желба произлегува и зависи од војската, полицијата и другите безбедносни организации што самите не се корумпирани и се целосно посветени на основната мисија на секоја организација за несебична служба и жртвување заради безбедноста на татковината.[3] Поединците ќе се држат до овој висок стандард само доколку нивните организации тоа го бараат од нив.[4] Организацискиот интегритет (знак на добро управување со безбедносен сектор) значи возвишени термини и концепти што често се употребуваат за инспирација на пониските слоеви на организацијата. Но овие повици често се сметаат како нешто повеќе од празни клишеа што се потценети и пречесто неразбрани. Покрај тоа, постојат повеќе примери на корупција во организацијата, непочитување за човековите права и лоши лидерски способности од страна на високи раководни лица во безбедносните организации. Всушност, постојат мноштво случаи каде намерното занемарување на овие основни концепти и нивните реципрочни

3 Овој реципрочен однос помеѓу индивидуалниот и организацискиот интегритет е нашироко документиран во класиката на Хантингтон The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil-Military Relations (Cambridge MA: Belknap Press of Harvard University, 1957). За Платоновото потекло на овие концепти, види “Forgetful Warriors: Neglected Leadership Lessons from Plato’s Republic,” ch.10 in George Lucas, Ethics and Military Strategy in the 21st Century: Moving BeyondClausewitz (London: Routledge, 2019).

4 Ibid.

односи во поединечното и организациското однесување имаат катастрофални последици за државната безбедност.

Овој документ прави обид да даде придонес во дискусијата во однос на примената на добро управување со безбедносниот сектор во системите на државна безбедност. Започнува со краток теоретски преглед во кој се објаснува врската помеѓу добро управување и ефективни системи на државна безбедност. Потоа продолжува со испитување на потребата од посветеност, интегритет, храброст и компетентност од секоја служба, член како и надзорни механизми што го поддржуваат развојот на ефикасна државна безбедносна архитектура. Документот ги поддржува изјавите со докази и повеќе студии на случај од различни земји. Исто така ја истражува, меѓу другото, и важноста на човековите права во Вооружените сили (ВС), професионалната правичност, улогата на граѓанското општество и законодавната власт, како и примената на начелата на добро управување во разузнавачкиот сектор. Иако авторите избрале да се фокусираат на одредени прашања, тие тврдат дека УБС не може да функционира независно од способностите.

# 1. Теоретска дебата

Војната во Украина значително го збогати речникот на политичарите преку додавањето на „Џавелин“ (Javelins), „Хајмарс“ (Himars), „Стингер“ (Stingers) и други видови воена опрема што ја користат украинските вооружени сили на бојното поле. Дебатата околу УБС замре и односот помеѓу УБС и ефективен државен безбедносен систем не предизвикува интерес дури и во евроатлантските држави кои традиционално се најсилните поддржувачи на концептот. Препознавањето на врската помеѓу добро управување (со безбедносниот сектор) и ефективна државна безбедност е интуитивно и теоретско. Сепак, тоа не значи дека примената на начелата на добро управување не можат значително да влијаат врз државната безбедност. Интуицијата, практичните искуства (примери на случаи) и аналитично резонирање може да играат улога во подобро разбирање на реалноста на терен.

Доброто управување претставува желба да се применува моќ и авторитет согласно стандарди засновани на вредности. Има за цел да му служи на јавниот интерес, или попрецизно кажано, на благосостојбата на општеството. Во пракса, доброто управување е синоним на „демократско“ владеење и се карактеризира со начелата на отчетност, транспарентност, владеење на правото, реактивност, учество, консензус, еднаквост и инклузивност, како и ефективност и ефикасност. Добро управување со безбедносниот сектор подразбира примена на истите овие начела, колку е тоа можно, кај функционалните сектори што се одговорни за безбедноста на

државата. Ова го вклучува разузнавачкиот сектор. Всушност, тоа претставува усогласување на „како“ (начини и средства) со „што“ (резултати, цели). Начелата на добро управување се користат за насочување, формирање и влијание за тоа како се остварува државната безбедност. Потешкото прашање е дали ова директно ѝ користи на државната безбедност.

Примери од историјата и модерните времиња ни даваат практични опсервации за нашата анализа. Безбедносните служби од комунистичките режими во текот на Студената војна беа релативно наклонети кон заштита и во служба на политичките елити отколку на јавниот интерес. Така, додека владејачката класа ги уживаше придобивките, општеството во целина страдаше. Но, за разлика од денешните авторитативни и други илиберални видови на владеење, најголем дел од либералните демократии ја пренагласуваат безбедноста наместо доброто управување, на еден или друг начин. Голем дел од овие земји се согласни дека нивните безбедносни служби не можат да бидат над законот; треба да бидат под контрола на извршната власт; треба да бидат предмет на законодавен и/или независен надзор; и мора да бидат одговорни за нивните активности. Тие исто така се согласуваат дека спроведувањето на заштитни механизми, како што е барањето за независно овластување (правосудство) заради ограничување на правата на граѓаните може да ја зголеми довербата на јавноста. Важно е да не се прекршат основните права и слободи. Но исто така се овозможува политичките и стручните власти да не го изневерат јавниот интерес (корупција). Со оглед на тоа дека дури и најдобрите примери на демократии имале потешкотии кај двете работи, намалување на ризикот претставува разумен пристап.

Демократиите што ги применуваат начелата на добро владеење исто така поверојатно ќе го ограничат незаконското политичко мешање, без разлика дали безбедносната служба е објектот или субјектот на некое незаконско мешање. Постоењето на јасно, недвосмислено законодавство за државната безбедност и капацитет за независно истражување на сомневања за злоупотреба на моќ, без разлика дали се работи за владини претставници или службеници од државната безбедност, има смисла: со тоа се намалуваат ризиците поврзани со незаконски активности, лош учинок, расфрлање со ресурси, како и други недостатоци во давањето на државна безбедност.

## 2. Придобивки од примената на начела на добро управување во разузнавачкиот сектор во Хрватска

Државниот безбедносен-разузнавачки апарат на Хрватска беше

набрзина воспоставен по распадот на поранешна Југославија, во текот на вооружениот конфликт во раните 1990ти. Голем дел од кадарот и наследените норми на однесување беа оформени преку авторитарниот стил на владеење во рамките на поранешна Југославија. Безбедносно-разузнавачкиот систем во Хрватска се трансформираше по војната и во текот на транзицијата кон либерална демократија и слободна пазарна економија. Евроатлантските аспирации на Хрватска (да стане членка на НАТО и ЕУ) заедно со неколку големи скандали ги туркаа реформите. Извештајот за напредок на Хрватска во 2005 година конкретно споменува еден многу јавен случај на кршење човекови права од страна на тајните служби и повици за јакнење на надзорните и други демократски принципи.[5] Се акумулира една низа законодавни измени и нови закони со што се воспостави нормативна рамка што го регулира денешниот хрватски безбедносно-разузнавачки систем.

Една од фундаменталните измени беше да се раздвојат кривично-истражните овластувања и овластувања за прогон од државната (внатрешна) безбедносна служба. Во рамките на оваа потесна мисија, службата ги насочи своите напори и ресурси единствено на заканите по националната безбедност. Ова имаше директно влијание врз оспособување на службата подобро да ги заштити своите извори и методи: без разлика дали се работи за барањата за граѓански постапки (пропишана постапка); стандардни истраги или јавни права за пристап до информации. Години подоцна, внатрешната безбедност и странските разузнавачки служби се споија за да формираат единствена цивилна безбедносно-разузнавачка агенција (СОА). Потегот имаше за цел да ги консолидира напорите и максимално да се искористат ресурсите за државната безбедност.

Усвојувањето на начелата на добро управување исто така имаше драматично влијание врз меѓународната соработка на Хрватска со западните безбедносни служби. Растечката глобална и транснационална природа на безбедносни предизвици, како и се понејасната линија помеѓу внатрешни и надворешни закани, значеше дека има потреба од поголема меѓународна соработка, со дополнителна вредност на испорачување поголема безбедност. На пример, заедничките операции и размената на разузнавачки проценки одеа подалеку од она што можеше сама да го постигне хрватската служба. Можности за меѓународна едукација и обука, како и размена на знаења и искуства придонесоа кон развивање на експертизата и капацитетите на кадрите. Соработката беше многу ограничена пред воспоставувањето на овие начела. Но можностите за соработка на полето на разузнавање беа многу поголеми кај демократии со слични сфаќања кои практикуваат добро владеење.

5 European Commission. Croatia 2005 Progress Report. SEC(2005)1424, p. 13-14.

СОА претрпе голема промена по одлуката за отворање на организацијата за јавноста и зголемување на нејзината транспарентност (2014 година). Со оглед на тоа дека хрватските безбедносно-разузнавачки служби традиционално избегнуваа изложување во јавноста, ова претставуваше фундаментална промена во политиките. Тоа беше повеќе од симболичен гест на јавна одговорност, со што се зголемија очекувањата на ново ниво. Преземените активности беа следните: (1) декласификација и предавање на голем број претходно тајни материјали на државниот архив; (2) изработка на годишен јавен извештај; (3) организирање на тркалезни маси со невладини организации и активисти за човекови права; и (4) зголемен медиумски пристап. Оваа политика на отвореност и поголема транспарентност имаше директни ефекти. Во рок од само неколку недели по извештајот, јавниот интерес за службата беше огромен и имаше експоненцијално зголемување на апликациите за вработување. Со ова службата доби поголем и поконкурентен круг на кандидати од кој може да се избира. Медиумите исто така ја поздравија оваа промена во политиките. Се зголеми јавната поддршка и растеше довербата во безбедносниот сектор. Со зголемувањето на довербата повеќе граѓани беа подготвени за соработка и/или давање на информации. Постоеше поголема јавна свест за националната безбедност. Ова зголемување во приватната и јавната доверба исто така ѝ помогна на СОА да игра водечка национална улога во кибер-безбедноста.

## 3. Професионална правичност на дело: Зошто да се јакне интегритетот на одбраната?

Да разгледаме два шокантни примери каде националната безбедност била под огромна закана како резултат на недостаток и погрешно УБС. Прviот и најскорешен, учинокот на руските сили под сите стандарди во Украина, во рамките на таканаречената „специјална воена операција“ во текот на пролетта и летото 2022 година. Втор, скандалот наречен „Дебел Леонард“ во 7та флота на САД на Пацификот во текот на изминатата деценија. Двата примери вклучуваат корупција и лошо раководење на највисоки командни нивоа. Во двата случаи беше спречен ефективен учинок на оние што служат на терен (или во вториот случај, на отворено море). Двата примери укажуваат на некомпетентност и недостаток на одлучност и посветеност кај пониските ешалони кои биле свесни или врз кои влијаела корупцијата и недостатокот на професионална пристојност. Кај двата случаи има подривање на ланецот на команда и сомнежи околу посветеноста на високото раководство кон соодветната безбедносна мисија на секоја организација. И во двата случаи се

појави цинизам и немање почит за воената професија, како и за военото и политичкото раководство на две клучни безбедносни организации. Сето ова на крајот придонесе до лош учинок на терен, а со тоа и поткопана државна безбедност.

3.1 Руската Федерација во Украина

Рускиот случај е моментално актуелен кај јавноста. Корупцијата и недостатокот на интегритет се вткаени во политичкото и военото раководство, како и во ланецот на команда. Лажење, недостаток на транспарентност, корупција, цинизам и алчност ги уништија моралните и правните основи на еднаш голема нација со исклучително културно наследство. Регрутирање на необучени и неволни трупи покажува ниско ниво на морал и лош учинок на терен. Ова е надополнето со немање стручна обука и лаги околу природата на нивната воена мисија во Украина, како и безбедносните предизвици со кои би се соочиле по распоредувањето.

Можеби уште посериозно, корупцијата и немањето интегритет во развојот на одбранбениот сектор и јавните набавки на Русија претставуваа гаранција за потпросечен учинок и потфрлање на клучна опрема на терен, од артилерија, оклопни возила и тенкови па се до наредби и комуникации. Такви бескрајни потфрлања во мисијата и губење на човечки животи стигна до степен што ретко може да се види во модерното конвенционално војување. Бесмислена војна против украински цивили и очигледни прекршувања на меѓународното право може да се каже дека претставува неизбежен резултат на овој морален и професионален распад.

И покрај сите свои недостатоци, силите на Садам Хусеин во Ирак во текот на првата Заливска војна далеку ги надминаа руските сили во однос на тоа што го постигнаа во последните месеци, додека ирачката опрема подобро се покажа и беше поиздржлива отколку материјалната база на Руската Федерација. Дури и кога беа соочени со надмоќната сила на сојузничката коалиција, ирачките сили повторно беа подобри во одбраната на нивната татковина пред нивното неизбежно предавање. За споредба, во Украина, руските регрути, опремени со дефектна и потпросечна опрема, доведени во длабока заблуда околу „хуманитарното значење“ на нивната специјална воена операција, имаат лоши резултати. Нискиот морал, нивното отуѓување од ланецот на команда и повеќекратните неуспеси на теренот може да се смета како целосно предвидлива последица од бескрајно лошо управување со безбедносниот сектор.

Како резултат на тоа, силите на Руската Федерација се покажаа (барем досега) дека не се способни да војуваат како вистински воени професионалци, согласно меѓународното хуманитарно право. Наместо тоа, тие се убедливо поразени во секој свијок од страна на подобро опремени, подобро обучени и многу повеќе посветени

украински сили кои се обидуваат да ја заштитат нивната земја и нивните сограѓани од оваа бесмислена агресија. Руските сили нема што многу да направат освен да се одмаздуваат преку извршување на воени злосторства против невооружени цивили. На крајот на краиштата, ова не изненадува, кога ќе се земе во предвид спојот на професионална обука и успехот на бојното поле. Русите губат бидејќи нивните ланци на снабдување немаат интегритет и затоа што нивните сили се целосно непрофесионални во извршувањето на задачите.

### 3.2 Скандалот „Дебел Леонард" во 7та флота на САД

Како да го споредиме случајот на Руската Федерација со искуството на Поморските сили на САД на Пацификот? Да ги земеме во предвид неколкуте последователни примери на насукувања и судари на море по целосното и континуирано разоткривање на скандалот „Дебел Леонард". Во јуни 2017 година, седум американски морнари загинаа а нивниот команден офицер беше тешко повреден додека спиеја во нивните кабини кога разорувачот УСС Фицџералд се судри во текот на ноќта со брод натоварен со контејнери што пловел под знамето на Филипини, југозападно од Токио. Не поминаа ниту два месеци, а УСС Џон С. МекКејн се судри со трговски брод што пловел под знамето на Либерија источно од Малачкиот Проток пред зазорување. Десет морнари се водеа како исчезнати, уште пет беа повредени. Двата разорувачи на Морнарицата што се судрија со комерцијални пловила – УСС Џон С. МекКејн и УСС Фицџералд – како и крузерот УСС Антиетам што се насука во Токискиот залив, беа закотвени во пристаништето Јокосука во Јапонија, каде се наоѓа командата на Пацифичката флота. Тие одржуваа постојано присуство на Пацификот.

Откако истрагите отфрлија злонамерно мешање во рутинските операции на пловилата (пр. непријателски кибер-напад), причината беше припишана на запоставување на должноста на командниот мост. Немало соодветни процедури проследено со лош учинок во ланецот на команда кај двата брода. Неколку високи офицери и регрутиран кадар од двете пловила беа отпуштени, а Вицеадмиралот Џозеф Окоин, командантот на целата 7ма флота, исто така беше ослободен од команда по истрагата за сударите.

Овие настани беа едноставно неразбирливи. Немало ниту тешки ни необично напорни оперативни услови, напротив, тоа биле рутински операции во ведри, мирни, месечеви ноќи на море. Работи што ги учат питомците кон крајот на првата година од навигациската обука. Фицџералд доживеа судар „во ребра" на десната страна, најлошиот, најопасниот и искрено, најнепростливиот вид на судар за обучени морнари. Покрај офицерот на мостот, најверојатно на дежурство како замена на капетанот, требало да има најмалку

четири „набљудувачи“ од поморскиот кадар напред и назад, кои пазат на светла што би навестиле можен судар. Сепак, ниту еден од набљудувачите во ниедна од ситуациите не ја открил заканата додека не било предоцна.[6]

Дали ова било или биле случајни несреќи? И двете природно беа проследени со целосно „повлекување“ заради задолжителна преобука за да се обезбедат основни вештини. Обуката беше базична, за добро организиран, добро обучен тим на набљудувачи. „Десното ребро“ покажа дека разорувачот поминувал накрсно клунот на надоаѓачкиот товарен брод, додека „обременетото“ пловило, обврзано или да сврти десно од патот на надоаѓачкиот товарен брод или да добие радио дозвола од товарниот брод да продолжи на истиот курс. Фицџералд не го направи ниту едното ни другото, а сударот следеше очигледно заради тоа што набљудувачите на мостот не успеале да го видат бродот (визуелно или на радар) или соодветно да одговорат на друг начин на надоаѓачкиот товарен брод. Ова беше и неразбирливо и непростливо.

Подоцна беше утврдено дека недостаток на професионализам, фокус, посветеност на обврските и некомпетентно раководство играле улога во оваа несреќа. Но дали овие и слични несреќи можат да се раздвојат од таканаречениот „Дебел Леонард“ скандал со подмитување? Сепак се работеше за 7та флота, чиишто офицери и регрутиран кадар беа вмешани во голем број скандалозни и непрофесионални активности што датираа повеќе од една деценија. Како може некој да одржува професионално достоинство, пристојност и правичност, како и сериозно да ги сфати своите професионални должности кога ланецот на команда и кадарот беа познати по тоа што прифаќале мито од извршниот директор на Глен Дифенс Индустрис? Тие присуствувале на големи забави и оделе на шопинг патувања, а примале и незаконски награди (на пример, карти за концерт на Лејди Гага). Сето ова било правено во замена за давање класифицирани информации за локациите на бродовите и плановите за движење (ПИМС) за доходовни застанувања на пристаништа повеќе од една деценија пред сударите на МекКејн и Фицџералд.

Постоеше раширена корупција низ целата 7ма флота за која знаеја сите, од командантот на флотата и заменикот-командир надолу. Сите овие лица знаеја, учествуваа или во најдобар случај премолчуваа пред целосно корумпиран режим. Како може ова да се смета за „добро управување“ кај овие безбедносни сили? Вакво однесување НЕ инспирира почит, посветеност или негува соодветен фокус на обука и учинок за пример. Всушност, тогашниот шеф на поморски

6 Richard Sisk. 17 August 2017. Navy Fires Commander, XO from USS Fitzgerald for Fatal Collision. Military News. Available from https://www.military.com/daily-news/2017/08/17/navy-fires-3-leaders-uss-fitzgerald-wake-deadly-collision.html

операции, Адмирал Џон Ричардсон тивко ги сподели неговите растечки стравови по судирите, пред неговите колеги морнарички офицери на Поморскиот воен колеџ на САД. Тој кажа дека поради немањето сериозен воен судир на море уште од битката на Мидвеј во 1942 година, американската морнарица веројатно би била „тешко поразена" на следната поморска битка. Таквата загриженост не беше изненадување, имајќи го во предвид нискиот морал, лошата обука, трагично лошото раководство, како и фундаментално корозивна командна клима на пацифичката флота[7].

## 4. Придонес на меката безбедност во отпорност и градење капацитети: Случајот на Грузија

Откако разгледавме два случаи каде државната безбедност била под огромна закана како резултат на несоодветно и дефектно управување со безбедносниот сектор, релевантно е да се испита примерот на Република Грузија. Грузија направи напори за да создаде транспарентни и отчетни безбедносни институции. Иако имаше значителни реформи во безбедносниот служби на Грузија во последните 15 години, промената од пост-советски „оперативен менталитет" во транспарентен и отчетен систем на демократско владеење значи дека овие реформи се тековни.

Во постигнувањето на значително ниво на добро управување и отчетност во рамките на одбранбените институции на Грузија, НАТО игра важна улога и е еден од клучните придонесувачи, особено во напорите за Градење интегритет (ГИ). ГИ е основниот принцип во добивање транспарентност и отчетност во рамките на одбранбените и другите безбедносни институции во Грузија.[8] Во оваа смисла, еден од првите чекори (по августовската војна во 2008 година) беше да се започне со Програма за стручен развој (ПДП) во 2009 година. Нејзината цел беше да се зајакне капацитетот на цивилниот кадар за демократски надзор во Министерството за одбрана (МО) и други институции од безбедносниот сектор во Грузија.[9] Грузија продолжува да учествува во Програмата за градење интегритет на НАТО, што има за цел да го подобри „интегритетот, одговорноста и транспарентноста" во рамките на одбранбените и безбедносните

7 Hope Hodge Seck, 19 August 2019. The Complex Legacy of CNO Adm. John Richardson. Military News. Available from https://www.military.com/daily-news/2019/08/21/vision-and-disaster-complex-legacy-cno-adm-john-richardson.html

8 NATO (North Atlantic Treaty Organization). 2021. Building Integrity.

9 Available from https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_68368.htm NATO (North Atlantic Treaty Organization). 2022. Relations with Georgia. Available from https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_38988.htm

сектори преку обезбедување на практична помош и совети. [10]ден од највидливите, практични резултати од горeспоменатата соработка НАТО-Грузија беше основањето на Школата за градење на одбранбени институции (ДИБС) во 2016 година на самитот на НАТО во Варшава, како нова иницијатива за Темелниот пакет НАТО-Грузија (СНГП).[11] ДИБС стана функционална на 28 јуни 2016 година и беше воспоставена во Центарот за професионален развој во Министерството за одбрана на Грузија.[12] Клучната цел за ДИБС е да ја промовира и да даде придонес во тековната реформа на грузискиот безбедносен апарат во четири главни области:

- Управување во безбедносниот сектор. Активностите на ДИБС имаат за цел да го зголемат нивото на експертиза и стручност кај високи службени лица од полето на одбрана и безбедност. Таа главно се фокусира на градење на капацитетите кај кадарот и зголемување на интегритетот, отчетноста, транспарентноста и „негување на превенцијата од ризик од корупција“;

- Одбранбена и безбедносна политика. Во овој контекст, школата се фокусира на воспоставување на широка платформа за значителна размена на информации меѓу безбедносен кадар, државни службеници од владата и други претставници од невладини организации;

- Меѓусекторска соработка. Преку различни курсеви за обука, ДИБС се залага за меѓусекторска соработка меѓу различни гранки од безбедносниот апарат во владата на Грузија;

- Домашна и меѓународна соработка. Во овој поглед, школата се фокусира на проширување на платформата за дискусии околу безбедносни прашања меѓу безбедносни институции, академската заедница и претставници од медиумите, како и со локални и странски експерти и предавачи[13].

Чинителите и партнерите сметаат дека ДИБС има изградено репутација на способен и веродостоен инструмент во јакнењето на професионалниот капацитет на одбранбените и безбедносните сектори на Грузија.[14] Досега не постојат цврсти податоци околу оперативната ефикасност и способноста на кадарот на МО (како и на други институции) кои поминале ДИБС обука или едукативни програми. Достапните статистики го даваат само бројот на воен

10 Ibid.

11 Ministry of Defense of Georgia. Substantial NATO-Georgia Package. Available from https://mod.gov.ge/en/page/65/substantial-package

12 Ministry of Defense of Georgia. Defense Institution Building School. Available from https://mod.gov.ge/ge/page/60/tavdacvis-instituciuri-agmsheneblobis-skola

13 DIBS (Defense Institution Building School). About School. Available from https://dibs.mod.gov.ge/EN/pages/2

14 Ibid.

и цивилен кадар кој поминал низ различните курсеви за обука на ДИБС.[15] Сепак, лични искуства покажуваат позитивна корелација помеѓу овие курсеви за обука и оперативната ефикасност и институционалниот капацитет (вклучително и МО).

# 5. Човекови права и вооружените сили

Примерите погоре со Русија, САД и Грузија ја нагласија важноста на интегритетот и човековите права во одбранбениот сектор. Потребен е понатамошно осврт за подобро разбирање на врската помеѓу интегритетот и човековите права со функционални недостатоци. Постојат две клучни сфаќања за гарантирање на човекови права во вооружените сили: 1) заштита на човековите права на припадниците на вооружените сили; и 2) припадниците на вооружените сили да се однесуваат на начин што ги зема во предвид човековите права, Почитување на заштитата на човековите права во вооружените сили претставува клучен фактор за јакнење на државната безбедност.

## 5.1 Заштита на човекови права во вооружените сили

Заштитата на човековите права во вооружените сили и вградување на истото во војничката култура претставува суштинска компонента што е тесно поврзана со оперативната ефикасност. Претходни бројни студии истражувале како нормите за човекови права се применуваат кај припадниците на вооружените сили[16] како и кај регрутираниот воен кадар.[17] Кршење на правата на регрутите и редовните припадници на вооружените сили се случуваат и директно и индиректно ја поткопуваат оперативната ефективност и национална безбедност на одредена држава. Земете ја за пример праксата на иницијација кај помладите и постарите војници. Озлогласена форма на иницијација што потекнува од времето на Советските вооружени сили е дедовшчина, каде „од младите регрути се очекува да ги

15 DIBS (Defense Institute Building School). Brochure. p.10. Available from https://dibs.mod.gov.ge/uploads/images/geo%2000010.pdf. Од основањето, ДИБС има спроведено 242 едукативни настани (25 семинари, 14 предавања, 54 обуки, 47 (вклучително и меѓународни) работилници, 13 дискусии и 7 конференции, и била домаќин на повеќе од 5,000 цивилни и воени лица.

16 OSCE (Organization for Security and Co-operation in Europe) and DCAF (Geneva Centre for Security Sector Governance). 2021. Human Rights of Armed Forces Personnel: Compendium of Standards, Good Practices and Recommendations. Available at: https://www.osce.org/odihr/480152

17 Elizaveta Chymk, Dr. Grazvydas Jasutis, Rebecca Mikova and Richard Steyne.2020. Legal Handbook on the Rights of Conscripts. Available from https://www.dcaf.ch/legal-handbook-rights-conscripts; Also see Dr. Grazvydas Jasutis,Rebecca Mikova and Richard Steyne. 2022. Rights of Conscripts during National Emergencies in Eastern Europe, The South Caucasus and Central Asia: A Case study of COVID-19. Available from https://www.dcaf.ch/rights-conscripts-during-national-emergencies-eastern-europe-south-caucasus-and-central-asia-case

закрпуваат алиштата на постарите регрути, да ги светнат нивните чевли, да ги наместат нивните кревети, и да им ја дадат нивната храна и скудна плата кога ќе ја добијат. Тие кои не се согласуваат се тепани [...] Доколку се прашаат сестрите (младите војници кои се сметаат за слаби од страна на постарите), малтретирањето може да биде премногу за нив. Тие може да се користат како секс робови, може да се принудат да останат будни цела ноќ и да прават нешто за постариот војник, и да ги вршат најлошите работи, и не е непознато за нив да бидат истепани без никаква причина.“[18] Ова дава слика за различни права што имаат потенцијал да бидат нарушени поради иницијацијата и малтретирањето, на пр. правото на живот; забрана за мачење или од нехумано или понижувачко постапување или казнување; забрана на присилен труд; правото на почит кон приватниот и семејниот живот; слобода на мисла, совест и вера; забрана на дискриминација; и право на сопственост.

„Малтретирање од било кој вид не оди во ничиј интерес. Штети на здравјето, перформансите и моралот на оние кои се предмет на малтретирањето, и може на крај да резултира со тоа што ќе заминат од работата во МО. Исто така штети на оперативната ефективност на тимовите и угледот на вооружените сили и МО“[19]

Лошо постапување со регрути и војници-припадници на вооружените сили води до следното:

**Незаконско заминување од вооружените сили или воените единици**. Малтретирање на регрути води кон тоа регрутите да се обидуваат да заминат од воената служба или преку законско изземање или преку незаконско заминување или обид за такво нешто.[20] Во некои случаи, регрутите се само-повредуваат со цел да ја избегнат службата. Се вели дека иницијацијата во руската војска е голем проблем што води до голем број и многу често успешни обиди да се добие изземање од служба, најчесто заради медицински или образовни причини.[21] Последиците од

18 Dale R. Harspring. 2007. Dedovshchina in the Russian Army: The Problem That Won’t Go Away. Journal of Slavic Military Studies. Vol. 18(4). p.607-629. Available from https://doi.org/10.1080/13518040500356948

19 Ministry of Defence of the United Kingdom. JSP 763 The MoD Harassment Complaints Procedures – A guide for all MoD Service and civilian personnel about making, responding to, advising on, investigating and deciding on, complaints of harassment. Available from https://www2.ohchr.org/english/bodies/crc/docs/AdvanceVersions/Optional_Protocol_AnnexG-U.pdf

20 Human Rights Watch. 2004. The Wrongs of Passage: Inhuman and Degrading Treatment of New Recruits in the Russian Armed Forces. Vol. 16. No. 8(D). p.52. Available from https://www.hrw.org/reports/2004/russia1004/russia1004.pdf

21 Suzanne B. Freeman and Katherine K. Elgin. 17 March 2022. What the use of

малтретирање на припадници на вооружените сили резултира во пониска организациска посветеност. Следствено, ова се утврдило дека води кон пониско задоволство на работното место, поголема веројатност да се напушти војската и намалена веројатност од повторно пријавување.[22] Кога свесноста за негативно однесување во војската станува позната за јавноста, тогаш паѓа престижот на војската што може да има негативно влијание врз процесот на донесување одлуки на младите луѓе кои размислуваат за кариера во вооружените сили.[23]

**Физички повреди кај малтретираните војници**. Малтретирањето претставува закана по здравјето кај припадниците на вооружените сили и регрутите, и води кон здобивање со физички повреди.[24] Истовремено, тоа може да го загрози нивниот живот и благосостојба. Иницијацијата вклучува различни форми на физичко малтретирање. Тие може да доведат до тешки повреди или смрт.[25] Иницијацијата и физичката злоупотреба не само што директно ги кршат човековите права на регрутите туку исто така водат кон пониска оперативна ефикасност, бидејќи тешки повреди од малтретирањето може да доведат до рана демобилизација.[26]

**Повреди на менталното здравје кај малтретирани војници**. Малтретирањето на припадници на вооружените сили и регрутите не само што предизвикува физички туку и ментални повреди. Малтретирањето во војската се покажало дека води кон стрес, пост-трауматски стрес, губење на телесна тежина, опаѓање на косата, нервоза, фрустрација, несоница, страв, психосоматски симптоми па дури и самоубиство.[27] На пример, регрутите кои претрпеле сексуален напад доживувале силни емоции, чувство на отрпнатост, потешкотии

---

Russian conscripts tells us about the war in Ukraine. Politico. Available from https://www.politico.eu/article/what-the-use-of-russia-conscripts-tells-us-aboutthe-war-in-ukraine/

22 Jainee Stuart and Nicholas Szeszeran. 2021. Bullying in Military: A Review of the Research on Predictors and Outcomes of Bullying Victimization and Perpetration. Military Behavioral Health. Vol 9(3). p. 255-266.

23 Jirí Hodný and Radim Štastný. 1997. Bullying in the army of the Czech Republic. The Journal of Slavic Military Studies. Vol 10(1). p. 128-140. Available from https://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/13518049708430278

24 Human Rights Watch. 2004. The Wrongs of Passage: Inhuman and Degrading Treatment of New Recruits in the Russian Armed Forces. Vol. 16. No. 8(D). p.52. Available from https://www.hrw.org/reports/2004/russia1004/russia1004.pdf

25 Kamarck, Kristy. July 18, 2019. Hazing in the Armed Forces. Congressional Research Service. Available from https://sgp.fas.org/crs/natsec/IF10948.pdf

26 Burke, Helena. November 24, 2021. Senator blasts Defence Force for 20 minute ‘torture’ video of young cadet. NRC. Available from https://www.news.com.au/national/politics/senator-blasts-defence-force-for-20-minute-torture-video-ofyoung-cadet/news-story/1220e12fe7b83433c1a5d16e3b5cd1e9

27 Jainee Stuart and Nicholas Szeszeran. 2021. Bullying in Military: A Review of the Research on Predictors and Outcomes of Bullying Victimization and Perpetration. Military Behavioral Health. Vol 9(3). p.255-266

во спиењето, потешкотии со одржување внимание, концентрација, меморија, како и проблеми со алкохол или други дроги, проблеми со физичкото здравје и ПТСД. Ова природно ја поткопува нивната оперативна ефективност.[28] Малтретирање на регрути и припадници на вооружените сили води кон наклонетост за самоубиство.[29]Иницијацијата во војската се покажала како значителен индикатор на повисок степен на лутина, што следствено водела до симптоми на депресија, а тоа било поврзано со почести самоубиствени мисли.[30] Една студија покажа дека 18.7% од припадниците на вооружените сили на САД кои биле предмет на иницијација кажале дека имаат самоубиствени мисли.[31]

**Одмазда врз други припадници на вооружените сили**. Во други случаи, регрутите може да се склони кон убивање или сериозно повредување на нивните мачители. На пример, во октомври 2019 година, рускиот регрут Шамсутдинов уби осум колеги војници во далечниот исток на земјата. Таткото на Шамсутдинов ја наведе дедовшчина (воена иницијација) како причина за постапките на неговиот син. Скоро 20,000 луѓе ја потпишале петицијата change.org за ставање крај на дедовшчина и повик за ослободување на Шамсутдинов по инцидентот.[32] Оваа појава, „гранатирање“, каде војниците убиваат колеги војници, се проширува и кај војници под договор.[33] Во случаи каде гранатирањето се однесува на мачителите кои не се сакани во единиците, инцидентите може да не бидат пријавени или да се наведат како несреќа или борба.[34] Следното беше кажано во однос на војната во Авганистан: „Иако

28 U.S. Department of Veterans Affairs. 2021. Military Sexual Trauma. Available from https://www.mentalhealth.va.gov/404.asp?404;http://www.mentalhealth.va.gov:80/docs/:~:text=Military%20sexual%20trauma,%20or%20MST,%20is%20the%20term,are%20involved%20with%20against%20your%20will.%20 Examples

29 Human Rights Watch. 2004. The Wrongs of Passage: Inhuman and Degrading Treatment of New Recruits in the Russian Armed Forces. Vol. 16. No. 8(D). p.52 Available from https://www.hrw.org/reports/2004/russia1004/russia1004.pdf

30 JaeYop Kim, JoonBeom Kim and SooKyung Park. 2019. Military hazing and suicidal ideation among active duty military personnel: Serial mediation effects of anger and depressive symptoms. Journal of Affective Disorders. Vol 256. p.79-85. Available from https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0165032718329860

31 Ibid.

32 The Moscow Times. 31 October 2019. Why Did a Russian Soldier Shoot and Kill 8 Fellow Recruits? Available from https://www.themoscowtimes.com/2019/10/31/why-did-a-russian-soldier-shoot-and-kill-8-fellow-recruits-a67987

33 Yudhvir Rana. 7 May 2022. Punjab: BSF jawan from Karnataka dead after killing four senior colleagues. The Times of India. Available from https://timesofindia.indiatimes.com/city/amritsar/bsf-constable-kills-4-senior-colleagues-self-oneinjured/articleshow/90037707.cms

34 See case of Soviet soldiers in Afghanistan: Dale R. Harspring. 2007. Dedovshchina in the Russian Army: The Problem That Won't Go Away. Journal of Slavic Military Studies. Vol. 18(4). p. 607-629. Available from https://doi.org/10.1080/13518040500356948

има многу причини за поразот на советската војска во Авганистан, нема сомневање дека дедовшчина играше голема улога. Како што поминуваше времето, таа ја поткопа кохезијата на единиците и воената ефективност. Кон крајот на војната, многу советски офицери беа поуплашени од сопствените сили отколку од муџахедините. За муџахедините барем знаеја дека се нивниот непријател. Не можеа да кажат дали човекот што спие во шаторот до нив беше подготвен да ги убие“.[35] Слични извештаи имаше и во однос на руските трупи во контекст на војната во Украина.[36]

**Намален учинок на припадници на вооружени сили и на самите вооружени сили**. Малтретирање на припадници на вооружени сили води кон намалени степени на учинок на работното место. На пример, британското МО го третира вознемирувањето како неприфатливо бидејќи ја разјадува оперативната ефективност на кадарот и единиците.[37] Истражувањата покажаа дека малтретирањето во воен контекст води до поголеми загуби и го намалува учинокот на работното место како и продуктивноста.[38] Општо гледано, кај вооружените сили тоа води кон зголемување на финансиските и правните проблеми.[39]

**Нарушена доверба, морал и кохезија кај припадниците на вооружените сили.** Малтретирањето претставува закана за довербата и кохезијата на вооружените сили и ја поткопува нивната оперативна и борбена ефективност.[40] На пример, се вели дека руските регрути имаат понизок морал и кохезија поради дедовшчина.[41] Кохезијата на групата генерално се дефинира како степенот до кој припадниците се зближуваат за да формираат група и да се држат заедно под стрес. Кохезијата на единицата е важна бидејќи: го зголемува учинокот на единицата; ја подобрува ефективноста

35 Ibid., p 614-615

36 Ned Simons. 2020. A Russian Commander Was Killed by His Own Toops, Western Officials Have Revealed. Huffington Post. Available from https://www.huffington-post.co.uk/entry/russian-troops-killed-their-own-commander_uk_623dc61de4b0bc-c5b4784bf8

37 U.K. Ministry of Defence, Action Plan to Prevent.

38 Jainee Stuart and Nicholas Szeszeran. 2021. Bullying in Military: A Review of the Research on Predictors and Outcomes of Bullying Victimization and Perpetration. Military Behavioral Health. Vol 9(3). p. 255-266.

39 ibid

40 Congressional Research Service. 2019. Hazing in the Armed Forces. Available at: https://apps.dtic.mil/sti/pdfs/AD1169634.pdf; Dale R. Harspring. 2007. Dedovshchina in the Russian Army: The Problem That Won’t Go Away. Journal of Slavic Military Studies. Vol. 18(4). 607-629. Available at: https://doi.org/10.1080/13518040500356948

41 Suzanne B. Freeman and Katherine K. Elgin. 17 March 2022. What the use of Russian conscripts tells us about the war in Ukraine. Politico. Available from https://www.politico.eu/article/what-the-use-of-russia-conscripts-tells-us-aboutthe-war-in-ukraine/

на обуката; ја зголемува отпорноста кон стрес кај припадниците на единицата; го намалува времето потрошено на дисциплински проблеми; го зголемува задржувањето на припадниците; помага во комуникацијата; ги намалува жртвите; ја подобрува вкупната ефикасност на единицата; и помага во мотивацијата и моралот на припадниците.[42] Претходни емпириски студии утврдиле дека постои силна корелација помеѓу повисока кохезија што резултира во подобар учинок на единицата.[43] Зголемувањето на кохезијата во единицата (понекогаш не е тешко да се постигне) особено може да резултира во видливо зголемување на објективно измерен учинок на единицата. Ова е типично тешко да се постигне без значително зголемување на времето за обука и ресурси.[44] Има голем број примери што покажуваат дека кохезијата не само што овозможува туку исто така и ја зголемува борбената ефективност.[45] Слично на ова, борбената готовност и борбената ефективност се во добра корелација со странично поврзување, што вклучува доверба во врсници и водачи, и силно чувство на взаемна одговорност.[46] Ова чувство на доверба, внимание и чувства на приврзаност еден кон друг се развива преку повторени успешни интеракции.[47] Секако, малтретирањето директно го поткопува ова.

**Негативни перцепции за војската.** Малтретирањето може да го ослаби моралот на припадниците на вооружените сили, како и да се искористи од страна на непријателски држави за да се охрабри дезертирање. На крај, има поголема веројатност малтретираните војници да се предадат на непријателот. На пример, на 15ти март

42 Guy L. Siebold. 2012. The Science of Military Cohesion. Mikael Salo and Risto Sinnkko (Eds.) In The Science of Unit Cohesion – Its Characteristics and Impacts. Finnish National Defence University. p. 52. Available from https://core.ac.uk/download/pdf/39946735.pdf#page=46

43 See G. L. Siebold. 1999. The evolution of the measurement of cohesion. Military Psychology. Vol. 11(1), 5-26; Guy L. Siebold. 2006. Military group cohesion. C. A. Castro and A. B. Adler (Eds.) In Military life: The psychology of serving in peace and combat. Vol. 1. Military performance. p. 185-201; See also G. L. Siebold and T. J. Lindsay. 1999. The relation between demographic descriptors and soldier-perceived cohesion and motivation. Military Psychology. Vol. 11(1). p. 107-126; L. W. Oliver et al. 1999. A qualitative integration of the military cohesion literature. Military Psychology. Vol. 11(1). p. 57-83.

44 Guy L. Siebold. 2012. The Science of Military Cohesion. Mikael Salo and Risto Sinnkko (Eds.) In The Science of Unit Cohesion – Its Characteristics and Impacts. Finnish National Defence University. p.52. Available from https://core.ac.uk/download/pdf/39946735.pdf#page=46

45 Reuven Gal. 2012. Why is Cohesion Important?. Mikael Salo and Risto Sinnkko (Eds.) In The Science of Unit Cohesion – Its Characteristics and Impacts. Finnish National Defence University. p.40. Available from https://core.ac.uk/download/pdf/39946735.pdf#page=46

46 Ibid. p.39.

47 K. Kuwabara. 2011. Cohesion, cooperation, and the value of doing things together: How economic exchanges create relational bonds. American Sociological Review. Vol 76(4). p. 560-580

2022 година, Претседателот на Украина Зеленски им рече на припадниците на руските сили: „Доколку се предадете на нашите сили, ќе ве третираме на начин на кој луѓето треба да бидат третирани. На начин на кој не бевте третирани во вашата армија.“

Следствено, кршењата на човековите права на припадниците на вооружените сили, како и регрутите, директно и индиректно ја поткопува оперативната ефективност на вооружените сили и претставува закана по националната безбедност. Општо гледано, не може да се очекува од припадниците на вооружените сили дека ќе го почитуваат хуманитарното право и човековите права во нивните операции доколку почитувањето на човековите права не е гарантирано во нивните армиски редови.[48]

## 5.2 Почитување на човекови права во тек на операции[49]

Иако страните во мисии и операции што ги извршува меѓународната заедница се обврзани со меѓународното право за човекови права (ИХРЛ) и меѓународното хуманитарно право (ИХЛ), многу докази покажуваат дека безбедносните сили понекогаш го имаат прекршено истото. Последиците се огромни. Јасно, за оние кои страдале од такви кршења на човековите права. Сепак веродостојноста на операциите и меѓународната заедница, како и нивната ефективност и ефикасност во постигнувањето на нивните цели исто така претставува проблем.

Кршења на ИХРЛ и ИХЛ креираат култура на неетичко однесување и неказнивост на припадниците на вооружените сили. Тие може да се јават во форма на насилништво, вознемирување или малтретирање од страна на безбедносните сили врз локалното население, и може да доведе до зголемен ризик за корупција и неетичко однесување. Ова е затоа што такви прекршувања, особено оние извршени со неказнивост, создаваат култура во која неетичкото однесување станува прифатливо или во која тоа дури и се охрабрува. Ова води кон неможност да се одржува дисциплина и до распространето неетичко однесување што резултира во цивилни жртви и намалена оперативна ефективност. Во контекст на сексуално искористување и злоупотреба, безбедносните сили може да бараат сексуални услуги од мештаните во замена за храна, пари или заштита. Оваа пракса, позната како „сексуална изнуда“ (sextortion) се разбира како

48 Parliamentary Assembly of Council of Europe. 2006. Recommendation 1742 (2006) Human rights of members of the armed forces. Paragraph. 3. Available from: http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=17424&lang=en#:~:text=Members%20of%20the%20armed%20forces%20cannot%20be%20expected%20to%20respect,guaranteed%20within%20the%20army%20ranks

49 This part is based on the submitted draft article for NATO BI Compendium II: Grazvydas Jasutis, The impact of human rights violations on operations (to be published in 2022).

сексуална експлоатација и злоупотреба за приватна корист. Така, тоа може да се разбере како форма на корупција.[50] Безбедносните сили може да се обидат да ги поткупат семејствата или заедниците на жртвите на колатерална штета за да не пријавуваат такви инциденти во медиумите или кај локалните власти. Општо гледано, сексуалната експлоатација и злоупотреба може да резултира во недостатоци што влијаат врз оперативната ефективност и неможност за мировниците да ги извршуваат нивните рутински задачи. Слично на ова, кршењата на човековите права на затвореници може да се поврзе со зголемен ризик од корупција: затворениците може исто така да го подмитат затворскиот кадар или меѓународните сили за да бидат ослободени или да не бидат предадени на локалните власти.

Кршењата на човековите права може да наштети на угледот на државите и меѓународните организации што се дел од меѓународни воени мисии и операции. Кога ќе се пријават кај медиумите, таквите кршења може да ги поттикнат владите, активистите за човекови права и граѓанските организации да бараат промени во политиките и зголемена отчетност. Во екстремни случаи, држави повлекле национални контингенти од меѓународни воени мисии и операции. Иако таков одговор може да биде потребен, тоа може да ја поткопа оперативната ефективност на самите мисии и операции, со што постигнувањето на целите на мисијата станува потешко. На пример, мисијата на ОН во Хаити се соочи со гневот на јавноста поради тврдењата дека уругвајските трупи на ОН силувале 18-годишен мештанин. Претседателот на Хаити, Мартели, призна дека на Хаити се уште им се потребни мировници но повика на редефинирање на нивната идна улога и основање на безбедносни сили на Хаити кои подоцна би ги замениле.[51] Наводните сторители стапиле во контакт со семејството на жртвата и се обиделе да го поткупат семејството за да не го пријават настанот во медиумите или кај локалните власти, што уште повеќе ја влоши веродостојноста на операциите и тоа ја стави во опасност безбедноста и сигурноста на мировниците на терен. Друг пример е целосното повлекување на сили. Во септември 2021 година, Генералниот секретар на ОН Антонио Гутереш нареди итна репатриација на целиот мировен контингент на ОН од Габон на служба во Централноафриканска Република, по веродостојни извештаи за сексуална злоупотреба на дел од 450 припадници и други тврдења[52] од минатото. Заминувањето на целиот контингент

50 Nancy, Hendry. 14 April 2020. Sextortion: sexual offence or corruption offence? Transparency International. Available from https://www.transparency.org/en/blog/sextortion-sexual-offence-or-corruption-offence

51 Joseph Guyler Delva. 6 September 2011. U.N. Haiti peacekeepers face outcry over alleged rape. Reuters. Available from https://www.reuters.com/article/uk-haiti-uruguay-un-idUKTRE7844HQ20110906

52 France 24. 15 September 2021. UN withdraws Gabon peacekeepers from CAR af-

беше штетно бидејќи сериозно ги наруши оперативните активности и предизвика привремена неможност на извршување на рутински задачи.

Откако ќе се поткопа веродостојноста на меѓународна мировна мисија или операција, државите што придонесуваат со трупи може да ја повлечат нивната поддршка. Ова може да се случи или поради веродостојна загриженост околу кршења на човекови права, домашен политички притисок или комбинација од двете. Финансирањето може да трпи, дури и долгорочното финансирање што е потребно за стабилизација на земјата откако ќе излезе од конфликт. Понатаму, кршењата на човековите права може да наштетат на угледот на воената професија во целина преку фрлање сенка врз веродостојноста на безбедносните сили, иако огромно мнозинство од тие сили постапуваат со чесност и интегритет. Во овој момент, Руската Федерација размислува за целосна мобилизација во нејзината токсична војна во Украина. Војната му наштети на угледот на воената професија и ја попречи нејзината способност да генерира сили од оние кои се професионално обучени.

Губењето на кредибилитет поради кршења на човекови права и ИХЛ може да води до одговор од страна на меѓународната заедница и нејзина мобилизација против одредена држава. Реакциите може да имаат различни форми. На пример, во случајот на агресијата на Русија врз Украина од 2022 година, првичната фаза од инвазијата од страна на Руската Федерација не резултираше во постигнување на значителни воени цели. Затоа, воената агресија вклучи интензивирање на нападите врз цивилна инфраструктура од страна на РФ, што доведе до цивилни жртви и тешки кршења на меѓународното хуманитарно право. На пример, руските сили ја окупираа Буча и Хјуман Рајтс Воч откри многу докази за групни погубувања, други незаконски убиства, принудни исчезнувања, како и тортура, кои сите претставуваат воени злосторства и потенцијални кривични дела против човештвото.[53] Сликите од Буча охрабрија други земји да ѝ помогнат на Украина во нејзината војна за самоодбрана и да ги поддржат нејзините напори да ја порази Русија преку обезбедување на дополнителна воена помош, санкции и одговорност.[54] Пред да почне војната, три земји значително ѝ помагаа на Украина со воена опрема. Тој број сега се зголеми на

ter sex abuse claims. Available from https://www.france24.com/en/africa/20210915-un-withdraws-gabon-peacekeepers-from-car-after-sex-abuseclaims

53 Human Rights Watch. 21 April 2022. Ukraine: Russian Forces' Trail of Death in Bucha. Available from https://www.hrw.org/news/2022/04/21/ukraine-russianforces-trail-death-bucha

54 Dan Baer. 5 April 2022. Bucha Increases the Moral Pull for the West to Aid Ukraine. Carnegie. Available from https://carnegieendowment.org/2022/04/05/bucha-increases-moral-pull-for-west-to-aid-ukraine-pub-86815

35.[55] Други реакции може да доведат до исклучување на одредена држава од меѓународни платформи. На пример, по огромни кршења на човековите права во Украина, членките на ОН гласаа за протерување на Русија од Советот за човекови права на ОН на 7ми април 2022 година.

Кршењето на човекови права и меѓународното хуманитарно право од страна на вооружени сили го антагонизира месното население. Локалните заедници не споделуваат разузнавачки податоци со вооружените сили; има голема веројатност дека ќе протестираат, и тоа не против нивното присуство или операции; и постои голема веројатност дека ќе се здружат со непријателските сили. Способноста на НАТО ИСАФ да добие разузнавачки информации во Авганистан (на ниво на Провинциски тим за реконструкција) опадна бидејќи цивилните жртви ги одвратија локалните заедници и чинители од споделување на прекупотребни разузнавачки податоци со мултинационалните сили; и понекогаш ги носеше локалните заедници во скутот на анти-НАТО силите. Истражувачите најдоа силни докази во Авганистан дека локалната изложеност на цивилни жртви предизвикани од меѓународните сили доведе до зголемено бунтовничко насилство на долг рок, што беше наречено „ефект на одмазда“.[56] Во јуни 2008 година, кратко пред Генерал Дејвид МекКирнан да ја преземе командата, ИСАФ беше вмешан во два инциденти од висок ранг, што предизвика голем број цивилни жртви.[57] Информациите за овие настани од локални невладини организации, талибанците и меѓународните организации драматично се разликуваа од податоците на ИСАФ, што доведе до тоа ИСАФ да ја увиди потребата од акција.[58] Ова доведе до креирање и примена на Ќелијата за следење на цивилни жртви во 2008 година во рамките на ИСАФ, што собира податоци за цивилни жртви. Овој механизам резултираше во издавање на нови тактички директиви и насоки од страна на ИСАФ и НАТО како дел од напорите да се намалат цивилните жртви.[59] Како резултат на ова, стапките на цивилни жртви предизвикани од про-владините сили значително се намали во текот на следната година. Во 2009 година, новиот командант на ИСАФ, американскиот Генерал Стенли МекКристал

55 Ibid.

56 Luke N. Condra, Joseph H. Felter, Radha K. Iyengar, Jacob N. Shapiro. July 2010. The effect of civilian casualties in Afghanistan and Iraq [working paper 16152]. National Bureau of Economic Research. Available from https://www.nber.org/system/files/working_papers/w16152/w16152.pdf

57 Center for Civilians in Conflict. 2014. Civilian Harm Tracking: Analysis of ISAF Efforts in Afghanistan. Available from https://civiliansinconflict.org/wp-content/uploads/2017/09/ISAF_Civilian_Harm_Tracking.pdf

58 Ibid.

59 ICRC (International Committee of Red Cross). 2014. Afghanistan, Implementation of a Civilian Casualty Tracking Cell. Available from http://ihl-in-action.icrc.org/case-study/afghanistan-implementation-civilian-casualty-tracking-cell

прогласи дека заштитата на цивилното население е примарната цел на мисијата. На 6ти јули 2009 година, тој издаде тактичка директива во која стоеше, „Очекувам дека внимателното испитување и ограничување на употребата на сила на сите нивоа, вклучително блиска воздушна поддршка во населени места и други локации ќе ги намали цивилните жртви согласно овие насоки. Командантите мора да ги мерат придобивките од употреба на блиска воздушна поддршка наспроти цената на човечки животи, што на долг рок го прави успехот на мисијата потежок и ги врти луѓето во Авганистан против нас.[60] Како што видовме погоре, цивилните жртви и кршењата на човекови права го разгоруваат бунтовништвото и го забавуваат темпото на операциите. Локалните заедници протестираат и има поголема веројатност дека ќе се здружат со противниците. На пример, во април 1995 година, пијани руски војници беснееле во Семашки (Чеченија) фрлале гранати во подруми полни со жени и деца, и притоа убиле повеќе од 100 цивили.[61] Ова предизвика многу протести во Русија, каде војниците беа споредени со нацистите, а нивните постапки доведоа до зголемување на отпорот во соседните села.

Овие примери јасно ги прикажуваат различните начини каде кршењата на човековите права ја поткопуваат оперативната ефективност на вооружените сили и ја намалуваат веројатноста за успех на една мисија. Спротивно на ова, доброто управување во безбедносниот сектор, заштита на човековите права на припадниците на вооружените сили, како гарантирање дека нивното однесување е во согласност со човековите права, на крај придонесува кон исполнување на целите на вооружените сили и државната безбедност во целина.

# 6. Како парламентарниот надзор и надзорот на граѓанското општество ја поддржуваат државната безбедност

Извори од Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) тврдат дека надзорот врз безбедносниот сектор претставува суштинска карактеристика на солидна демократска држава. Надзорот гарантира дека државните ресурси се менаџираат ефикасно и ефективно. Припадниците на безбедносниот сектор се однесуваат со чест и интегритет, кривичните дела се детектирани и

60 NATO (North Atlantic Treaty Organization). 6 July 2009. ISAF Tactical directive. Available from https://www.nato.int/isaf/docu/official_texts/Tactical_Directive_090706.pdf

61 Reliefweb. 26 August 1996. Chechen Town’s Survivors Live Amid Ashes and Rubble of Russian Attacks. Available from https://reliefweb.int/report/russian-federation/chechen-towns-survivors-live-amid-ashes-and-rubble-russian-attacks

коригирани, и тие кои ги извршуваат се повикуваат на одговорност. Овде ќе дискутираме за улогата на парламентите и граѓанското општество во поддршка за креирање на одговорни и ефикасни безбедносни агенции.

## 6.1 Парламенти

Главна одговорност на еден парламент е постојано да стреми кон изградба и обновување на механизми за отчетност и да оцени дали се испочитувани националните интереси и изборните ветувања. Надзорната улога на парламентот е, во суштина, постојано да става притисок врз владините претставници да бидат ефикасни и да избегнуваат несоодветно управување, расфрлање и злоупотреба.[62] Неговата улога е да развие способности и механизми на државната безбедност и да гарантира дека развојниот процес е отчетен, исплатлив и дека функционира во интерес на граѓанинот. Парламентите обезбедуваат демократски надзор преку гаранција дека законите се почитуваат; внимателно следејќи дали политиките и законите ја исполнуваат нивната цел; проверуваат дали ресурсите се користат на ефикасен начин; и ги оформуваат приоритетите за обезбедување на државна и човечка безбедност. Парламентите може да ги користат нивните овластувања за да потврдат дали законите и политиките за безбедност ефикасно се спроведуваат и дали го имаат ефектот за кој биле наменети[63].

Од практична гледна точка, парламентите понекогаш формално ги одобруваат владините политики на полето на безбедноста.[64] Стратешки документи како Програма на Владата, Национална безбедносна стратегија, Одбранбен преглед или Бела книга за одбрана ја обликуваат безбедносната политика на долг рок. Врз основа на процената на закана, овие документи и други како нив ги одредуваат националните безбедносни интереси и ги дефинираат приоритетните задачи за агенциите од безбедносниот сектор. Тие може да го покажат нивото на трошоци за одбраната, максималниот број на припадници вработени во безбедносните сили, потребата од набавка на оружје, како и нивоата на национално учество во

62 Teodora Fuior. 2022. Chapter 3. Tools and opportunities for the parliamentary oversight of defence industry. In G. Jasutis, T. Fuior, T. Tagarev. Parliamentary oversight of national defence industry. 2022. Available from https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/ParliamentaryOversightNationalDefenceIndustry_EN.pdf

63 DCAF (Geneva Centre for Security Sector Governance). SSR backgrounder 'Parliaments'. Available from https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/ParliamentaryOversightNationalDefenceIndustry_EN.pdf

64 Teodora Fuior. 2021. Chapter 2. Parliamentary Oversight of Military Intelligence. In G. Jasutis, T. Fuior, M. Vashakmadze. Parliamentary Oversight of Military Intelligence. 2021. Available from https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/ParliamentaryOversightMilitaryIntelligence_jan2021.pdf

воени и цивилни мировни операции. Овие документи ја создаваат општата рамка за националната безбедност и влијаат врз развојот на способностите. Покрај тоа, парламентите можат да создаваат или подобруваат правни рамки за одбранбениот сектор да поддржува добро УБС и можат да овозможат поинклузивен и пореактивен пристап[65].

Парламентот на Литванија ги зголеми трошоците за одбраната на 2.52 проценти од БДП

Во мај 2022 година, парламентот на Литванија, Сејм, едногласно го одобри предлогот за зголемување на годишните трошоци за одбрана на 2.52 проценти од БДП. Амандманот во Буџетот за 2022 година преку кој се распределија 298 милиони евра како дополнително финансирање за одбранбениот сектор помина во Сејмот со 123 гласа ,за`, ниту еден ,против` и ,воздржан`. Амандманот ѝ дозволува на државата да позајмува средства за своите обврски поврзани со членството во НАТО, за да се гарантираат распределби во буџетот во висина од 2.52 проценти од БДП. Првичниот буџет распредели нешто повеќе од 1,2 милијарди евра или 2.05 проценти од БДП на Министерството за одбрана. Министерството за одбрана издаде соопштение во кое кажа дека околу 257,6 милиони евра од дополнителните средства ќе бидат потрошени за купување на потребното вооружување, опрема и муниција за Вооружените сили на Литванија, додека остатокот ќе оди за престојот на НАТО трупи во Литванија. Според министерот за одбрана Арвидас Анушаускас, 158,5 милиони евра ќе бидат потрошени на вооружување, 66,8 милиони евра за купување на муниција, 10,7 милиони евра за кибер-безбедност, и 21,6 милиони евра на други работи, како што се панцири, комуникациска опрема и медицински средства. „Финансирањето на дополнителните трошоци за одбраната ќе ни овозможи да ги забрзаме некои од претходно планираните набавки на оружје што е потребно за јакнење на одбранбените капацитети на Вооружените сили на Литванија, како и да овозможиме престој на дополнителни НАТО трупи кои ќе дојдат во Литванија,“ рече Анушаускас.

https://www.lrt.lt/en/news-in-english/19/1647017/lithuania-raisesdefence-spending-to-2-52-percent-of-gdp

## 6.2 Како вклученоста на граѓанското општество придонесува кон оперативна ефективност и државна безбедност

Придонесот на граѓанското општество кон оперативна

65 DCAF (Geneva Centre for Security Sector Governance). SSR backgrounder ‘Parliaments’. Available from https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/ParliamentaryOversightNationalDefenceIndustry_EN.pdf

ефективност и државна безбедност е често потценета. Од практична гледна точка, работата и експертизата на граѓанското општество сепак може да биде штетна по оперативната ефективност на вооружените сили, успехот на нивната мисија и државната безбедност, гледано во поширока смисла. Во однос на релевантноста за одбраната и безбедносниот сектор, граѓанското општество се дефинира како „доброволно собрани групации во општеството, и јавно изразување на приоритетните интереси, поплаки и вредности околу кои се засновани тие здруженија“.[66] Тоа вклучува тинк-тенкови, невладини организации, независни фондации, верски групи, групи за јавно застапување, синдикати, филантропски здруженија и други заинтересирани групи.

Граѓанското општество вклучува различни чинители што функционираат на различен начин и со различни цели. Како такво, неговиот придонес кон оперативната ефективност на вооружените сили и државната безбедност може да се разликува на следниот начин: 1) оние кои ги поддржуваат активностите на одбранбениот сектор; и 2) оние кои служат за информирање на пошироката јавност и вршат надзор врз одбранбениот сектор. Во однос на првото, граѓанското општество поседува разновидна експертиза за конкретни теми или за локалниот контекст, што може да биде од корист за одбранбениот сектор.

- **Давање на совети за политики и правни совети**. Граѓанското општество може да ги поддржува парламентите и министерствата за одбрана во развојот на законодавна и политичка реформа согласно начелата на добро владеење, со што се олеснува демократската контрола на одбранбениот сектор и се гарантира неговата ефективност и ефикасност. На пример, по 2014 година, кога владата на Украина реши да продолжи со реформата на одбранбениот сектор, коалиција на невладини организации и експерти наречена Пакет на реформи за реанимација, доброволно се пријави за да врши надзор врз спроведувањето на реформите. Неколку волонтери помагаа во логистичките аспекти. На пример, експертите ја имаа улогата на консултанти за да му помогнат на министерството за одбрана во неговата транзиција кон онлајн систем за набавки (ProZorro). Намерата беше да се промовира транспарентност и борба против корупција и непотизам.[67]

66 Samuel Flückiger. 2008. Armed forces, civil society and democratic control: concepts and challenges. International Peace Bureau. p.5. Available from https://www.ipb.org/wp-content/uploads/2017/10/Armed-forces-civil-society-and-democratic-control-Samuel.pdf

67 Isabelle Facon. 2017. Reforming Ukrainian Defense: No Shortage of Challenges. Ifri. Available at: https://www.ifri.org/sites/default/files/atoms/files/facon_reforming_ukrainian_defense_2017.pdf, p.13

- **Совети за процеси и структури во рамките на одбранбениот сектор**. Граѓанското општество може да помогне во развивањето на процеси и структури што овозможуваат професионализам и интегритет на одбранбениот сектор. Граѓанските организации што се баваат со етика и управување со безбедносниот сектор може да придонесат со својата експертиза во развивањето на етички рамки за министерствата за одбрана, особено кодексите за етика и однесување.
- **Јакнење на свеста околу безбедносните потреби на граѓанското општество**. Граѓанското општество поседува техничка експертиза што одбранбениот сектор ретко ја користи. Специјализирани граѓански организации, што често се состојат од поранешни практичари, може да придонесат во анализа на национални безбедносни закани и во формулирање на предлози што одговараат на безбедносните потреби и предизвиците на општеството. На пример, граѓанските организации во Западен Балкан имаат издадено документи за политики каде се утврдуваат предизвиците, се предлагаат решенија и кои придонесуваат во знаењата за управување на безбедносниот сектор во борбата против тероризмот и насилниот екстремизам.[68] Провинциските тимови за реконструкција, основани како дел од оперативниот одговор на НАТО во Авганистан, ги отворија нивните врати за граѓанското општество со променлив успех. Иако многу организации ја искористија можноста за координација со ПТР, други претпочитаа да одат сами и да избегнат било каков контакт со војската.[69] Споделување на информации беше од најголема важност за ПТР, бидејќи одвреме-навреме вклучуваше информации околу можните самоубиствени напади и помогна во подготовка на превентивни мерки и спасување на војнички животи.
- **Директна оперативна поддршка**. Граѓанските организации може да ја искористат нивната позиција за да се добие јавна поддршка за оперативните активности на вооружените сили. На пример, украинската невладина организација Сино/Жолто

68 See for example, CSF Policy Brief No. 05, April 2018. Security Issues in the Western Balkans. Civil Society Forum of the Western Balkans Summit Series. Available at: http://balkanfund.org/wp-content/uploads/2018/06/CSF-PB-05-Security-Issues-in-the-Western-Balkans.pdf

69 Michael J. Dziedzic and Colonel Michael K. Seidl. 2005. Provincial Reconstruction Teams: Military Relations with International and Nongovernmental Organizations in Afghanistan. United States Institute for Peace. Available from https://www.usip.org/publications/2005/08/provincial-reconstruction-teams-military-relations-international-and#:~:text=Provincial%20Reconstruction%20Teams%20have%20confronted%20a%20cluster%20of,international%20civilian%20assistance%20providers%20and%20international%20military%20forces

(Blue/Yellow) ги поддржува украинските вооружени сили уште од 2014 година преку собирање финансиски средства за обезбедување на не-смртоносни средства за украинските војници и доброволци. Ова вклучува шлемови, оптички уреди, НВД, тактичка медицина, возила, дронови, облека и панцири. Заклучно со јули 2022 година се собрани 32 милиони евра.

- **Спроведување на активности за поддршка**. Иако способноста на граѓанските организации директно да ги поддржуваат операциите на вооружените сили е ограничена, постои голем опсег на активности за поддршка што може да ги спроведат за јакнење на одбранбениот сектор и националната безбедност. На пример, украинската граѓанска организација Лига на офицери (League of Officers) спроведе семинари за психолошка рехабилитација предводени од обучени психолози, со цел да им се помогне на оние во служба и на жените повторно да се прилагодат откако ќе се вратат од зоните на конфликт и да ги препознаат симптомите на ПТСД.[70] Такви активности може да помогнат во негување на угледот на вооружените сили, во зголемување на веројатноста луѓето да се приклучат на вооружените сили или да се вратат во нив. Тоа исто така може да ги ублажи другите негативни последици (на пр. стапките на самоубиства, криминални активности и агресија).

# Заклучок

Примена на начелата на добро управување со безбедносниот сектор им помага на демократиите соодветно да ја балансираат заштитата на правата и слободите со државната безбедност. Отворени и либерални општества веруваат дека овие две работи не се меѓусебно исклучиви, за разлика од авторитарните режими што пропагираат „нулта-сума“ наративи, барајќи од нивните граѓани да ги жртвуваат индивидуалните слободи во интерес на државната безбедност. Би било несоодветно да се врами врската управување-државна безбедност во поглед на тоа дали одредена држава е повеќе или помалку безбедна. Но би било секако соодветно да се истражи колку придонесуваат начелата на добро управување во намалување на ризикот од потфрлање при давање на државна безбедност и во зголемување на перспективите за вкупната благосостојба на општеството.

Војната во Украина ни помага во препознавање и проценка на исклучителната штета што е направена на воениот и безбедносниот

70 Europe Diplomatic. 2017. NATO aid to Ukrainian Soldiers with PTSD. Available from https://europediplomatic.com/tag/league-of-officers/

кадар во земјите што не применуваат УБС и не ги почитуваат човековите права. Исто така можеме да го увидиме и степенот до кој безбедноста на земјата е темелно компромитирана преку вакви ставови и штетни форми на однесување. Изневерувањето на основните вредности и етички начела на вооружената професијата и ланецот на команда (раководство) ја поткопува безбедноста на државите и народите кои зависат од компетентноста и интегритетот на овие служби.

За сето лицемерство што ѝ се припишува на етиката, со малку разбирање за тоа што претставува и што наметнува етиката, воените служби многу често вријат од корупција, им недостасува транспарентност и покажуваат лошо раководење. Непрофесионалноста е често секојдневна работа. Ова се протега до корпоративниот свет со кој соработуваат вооружените сили и од чии редови се црпи корпоративното раководство. Националната безбедност зависи од професионалните компетенции и интегритет. Лошо управување со безбедносниот сектор во форма на недостаток на професионална посветеност и личен интегритет носи ризик од поткопување на безбедноста на државата и го попречува учинокот на нејзините безбедносни сили.

Надзорот врз безбедносниот сектор е од клучно значење во солидна демократска држава и во ефикасни безбедносни агенции. Парламентарниот надзор, заедно со придонесот на граѓанското општество, гарантира дека државните ресурси се менаџираат ефикасно и ефективно, дека припадниците на безбедносниот сектор се однесуваат со чест и интегритет, дека грешките се откриваат и коригираат, дека човековите права се почитуваат и дека оние кои ги извршуваат ќе сносат одговорност.

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

**www.dcaf.ch**

**DCAF - Geneva Centre for Security Sector Governance**
Chemin Eugène-Rigot 2E
P.O. Box 1360
CH-1211 Genève 1